# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА


| 7 Септември 2017 година | Гевгелија | Број 12 | Година XL |
| --- | --- | --- | --- |

Врз основа на член 25 став (1) и член 28 став (3) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 6 став (2) и член 36 став (2) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните ("Службен весник на РМ" бр.81/05г.), и член 100 став (1) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.09.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За распишување на референдум на локално ниво**

**Член 1**

Советот на општина Гевгелија распишува референдум за подрачјето на општина Гевгелија заради изјаснување на граѓаните околу населувањето и интеграцијата на мигранти на подрачјето на општина Гевгелија.

Советот на општина Гевгелија распишува референдум од претходниот став по сопствена иницијатива.

**Член 2**

На референдумот на локално ниво граѓаните на општина Гевгелија ќе одговорат на следново прашање: **"Дали сте ЗА или ПРОТИВ населување и интеграција на мигранти на подрачјето на општина Гевгелија?"**

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "**ЗА**" или "**ПРОТИВ**".

**Член 3**

Изјаснувањето по референдумското прашање од член 2 од оваа Одлука се спроведува со цел граѓаните од подрачјето на општина Гевгелија да одлучат дали ќе дозволат да се населуваат и интегрираат мигранти на подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 4**

Одлуката на референдумот ќе се смета за донесена доколку за неа гласале мнозинството од вкупниот број кои што гласале, доколку излегле на гласање половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список на општина Гевгелија.

Одлуката донесена на референдумот е **задолжителна.**

**Член 5**

Доколку на референдумот се донесе негативна одлука на прашањето за населување и интеграција на мигранти на подрачјето на општина Гевгелија, Советот на општина Гевгелија ќе ги извести надлежните државни органи за донесената Одлука.

**Член 6**

Референдумот на локално ниво ќе се одржи **на ден 15.10.2017г. (недела),** а гласањето ќе се спроведе во периодот од 07 до 19 часот.

**Член 7**

Референдумот на локално ниво ќе го спроведе Општинската изборна комисија на општина Гевгелија и општинските избирачки одбори.

**Член 8**

Средствата за спроведување на референдумот ќе се обезбедат дополнително, со Одлука за измена и дополнување на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе биде објавена во средствата за јавно информирање, на огласната табла во општина Гевгелија, како и на веб страница на општина Гевгелија.

Бр.09-1682/1
06.09.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), а во врска со член 88 став (4) од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16г.), Советот на општина Гевгелија на 68-та (вонредна) седница одржана на ден 06.09.2017 година, донесе

## ФИНАНСОВ ПЛАН
## На Општина Гевгелија Општинска Изборна Комисија
## За жиро сметка 715014017778957

1. Финансовиот план на општина Гевгелија-Општинска изборна комисија се состои од :

| | |
|---|---|
| **Приходи:** | |
| 741111-Трансфери од други нивоа на власт | 3.093.300,00 |
| **Вкупно приходи** | 3.093.300,00 |
| | |
| **Расходи:** | |
| 404150-Други надоместоци | 2.853.300,00 |
| 420110-Патувања во земјата-споредни расходи | 5.000,00 |
| 421440-Транспорт на луѓе | 70.000,00 |
| 421310-Пошта | 5.000,00 |

| | |
|---|---|
| 421410-Горива и масла(моторни возила) | 30.000,00 |
| 423110-Канцелариски материјали | 30.000,00 |
| 425920-Услуги за копирање, печатење издавање | 10.000,00 |
| 425990-Други договорни услуги | 40.000,00 |
| 426210-Расходи за репрезентација | 50.000,00 |
| **Вкупно расходи** | 3.093.300,00 |

2.Финансискиот план влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1683/1
06.09.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

## СОДРЖИНА

1.Одлука за распишување на референдум на локално ниво ............................ 313
2.Финансов план на општина Гевгелија - Општинска изборна комисија за ж-ро с-ка 715014017778957 ............................................ 314

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**